РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1480
____________ година
СКОПЈЕ 23-08-2018

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
СКОПЈЕ

| Примено: 27.08.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Организ. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2082/2 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 145 став 6 и член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Компјутерски науки и инженерство и Инроматика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1.Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Компјутерски науки и инженерство и Инроматика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 03-1637/2 од 22.06.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1480 од 06.07.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Компјутерски науки и инженерство и Инроматика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, по добиените Решенија за акредитација бр. 1409-275/3 од 19.06.2018 година и 1409-275/2 од 19.06.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1480 од 13.07.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 18.07.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1480 од 19.07.2018 година, каде е наведено дека за студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Компјутерски науки и инженерство и Инроматика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ 3

МИНИСТЕР
Dr. Arbër Ademi

изработил: Биљана Зафировска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Dr.Agim Rushiti